**РЕФЕРАТ**
**ЗА РЕ-ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО ДОПОЛНИТЕЛЕН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ – БАС ЗА ГРУПАТА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ: ПРОЦЕНКА НА СПОРТСКА ИЗВЕДБА и ПЛАНИРАЊЕ И МЕНАЏИРАЊЕ НА СПОРТСКИ НАСТАНИ**

Со одлуката за формирање на Рецензиската комисија за избор на наставници во насловно звање во дополнителен работен однос на Висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје, за групата наставни предмети: Проценка на спортска изведба и Планирање и менаџирање на спортски настани од 08.04.2016 година, определени сме за членови на Рецензиската комисија.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав:

I. Вон. проф. д-р Георги Георгиев, вонреден професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје;
II. Доц. д-р Александар Ацески, доцент на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје;
III. Проф. д-р Таип Јакупи, професор на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје.

има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Преглед на пријавените кандидати**

На конкурсот за избор на наставници на БАС, објавен во Нова Македонија на 16.03.2016 година со рок за пријавување 8 дена од денот на негово објавување за групата наставни предмети: С Проценка на спортска изведба и Планирање и менаџирање на спортски настани, пријавени се вкупно 1 кандидат:

**1. Д-р Виктор Митревски**

Од увидот на документацијата и врз основа на тоа што кандидатот претходно ја има поминато хабилитационата постапка за избор на наставници, подобен за рецензирање е единствениот пријавен кандидат.

**II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатите**

**1. Д-р Виктор Митревски**

**А) Образовен развој**

Виктор Митревски е роден на 28.03.1963 година во Битола. Високо образование завршува на Факултетот за физичка култура во Скопје, каде на истиот факултет завршува и постдипломски и докторски студии. Кандидатот го има одбрането својот магистерски труд на тема „Проверка на критериумите за оценување во наставата по спорт и спортски активности“ и својата докторска дисертација на тема „Разлики во посгигањата и резултатите по предметот физичко воспитување и образование и спорт кај учениците од некои Балкански држави“.

**Б) Кариерен развој**

Кариерниот развој на д-р Виктор Митревски се одвива според следнава хронологија:

- Прво вработување во 1989 година во Државното средно училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар како наставник по физичко воспитување.
- Во периодот од 1991 до 1996 година бил секретар и раководител на спортските асоцијации во општината Демир Хисар *(ОФС – Демир Хисар и Друштвото за Телесно Воспитување – Партизан од Демир Хисар).*
- Од 1996 до 1999 бил вработен во Министерството за образование и наука на Република Македонија со работи и работни задачи регионален раководител за образование и наука.
- Во 1999 година повторно се вработува во Државното средно училиште „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар.
- Во периодот од 2003 до 2008 година ги извршувал работите директор на училиштето.
- Во септември 2012 година бил избран за наставник со насловно звање професор на висока стручна школа на БАС – Бизнис академијата Смилевски во Битола по предметите: *Планирање и менаџмент со спортски настани* и *Проценка на спортската изведба - скаутинг*.
- Во март 2013 година бил избран во наставно-научно звање доцент од областа на Менаџмент во спортот на Бас институтот за менаџмент во Битола.
- Во март 2015 година избран сум во наставник со насловно звање професор на БАС – Бизнис академијата Смилевски во Битола по предметите: Однесување на учесниците на забвни настани и Дизајнирање и продажба на забавни настани.

**В) Авторски остварувања**

**Кандидатот ги има објавено следниве стручни и научни трудови:**

Во изминатиот период кандидатот учествувано на повеќе од 30 домашни и меѓународни научни собири, симпозиуми и конференции (Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора).
Автор е на вкупно 63 стручни и научни трудови во земјава и надвор од кои 57 објавен и 6 во постапка на објавување.

***Списанија со импракт фактор***

- Објавен труд во 2014 година во списанието *„ttem" (TEHNIKS TEHNOLOGIES EDUKATION MENAGEMENT) со наслов „Strategic value the partnership for organization learning".*
- Објавен труд во 2014 година во списанието *„INDIJANA JOURNALL OF MENAGEMENT SCIENCE"* со наслов „Outflow of young professionals and competitiveness of organizations in the Pelagonia region".
- Објавен труд во 2015 година во списанието *„INDIJANA JOURNALL OF MENAGEMENT SCIENCE"* со наслов „ Creation and Transfer of Knowledge Management in Sports Institutions and Organizations".

***Книги и учебници***

- „Менаџмент во спортот" – 2014 година
- „Проектните активности за самоиницијативно вселување на ученикот во наставата" – 2006 година
- „Планирање и менаџмент на спортски настани" – привремен учебник (*електронска верзија*) – 2013 година
- „Проценка на спортска изведба – скаутинг"– привремен учебник (*електронска верзија*) – 2015 година

***Активно учество во проекти***

- РСФОК **(**РАЗВИВАЊЕ СТРАТЕГИСКИ ФОКУСИРАНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ) – проект на БАС Институтот за менаџмент од Битола

**III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија**

Согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски –БАС, кандидатот ги има во целост задоволено основните и дополнителните критериуми за ре-избор во насловно звање професор на висока стручна школа и тоа: кандидатот има завршено докторски студии, кандидатот има објавено научни и стручни трудови, како и научни трудови со импакт фактор, кандидатот има практично искуство од 5 години, претходно има поминато успешна хабилитација за избор на наставници, има добиено позитивна оценка при семестралната евалвација за квалитетот и изведбата на наставникот за време на наставата, има учествувано на стручни и научни собири организирани од страна на Академијата, има подготвено 1 извор за студирање, има учествувано на наставните и обучувачките работилници на Академијата и сл. Врз основа на сето ова, како и врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатот

рецензентската комисија со задоволство на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски – БАС го дава следниов предлог: кандидатот д-р Виктор Митревски да се **ре-изберe во насловно звање професор на висока стручна школа за групата наставни предмети: Проценка на спортска изведба и Планирање и менаџирање на спортски настани.**

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Вон. проф. д-р Георги Георгиев

2. Доц. д-р Александар Ацески

3. Проф. д-р Таип Јакупи